Архивски знак: 2401
Рок на чување: 3 год

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП
Примено: 15.12.2023
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
24-1211/1 | 1 | –

Датум:15.12.2023

БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Предмет:** БАРАЊЕ

**Почитувани,**

Организацијата за домување и станари (ОДС) како организиација која има примарна цел да се унапредат условите за домување и подстанарските права, со поддршка на Шведската Унија на станари, **спроведува сеопфатно истражување на прибирање на податоци на станови кои се изнајмуваат во Република Северна Македонија.**

Заради оваа цел за да се направи сеопфатна анализа со која ќе се детектираат проблемите и предизвиците со кои се соочуваат потстанарите при склучувањето и реализацијата на договор за ЗАКУП со закуподавецот, **Ве замолуваме да ни доставите ИНФОРМАЦИЈА/ПОДАТОК за Вашата Општина на e-mail (hto.info.contact@gmail.com) или писмено на адреса Франклин Рузвелт број 51, стан 4,** колку од закуподавачите на станови или станбени единици ја исполниле својата должност предвидена во членот 70 став 4 од Законот за домување каде што е предвидено дека закуподавчот е должен да достави примерок од договорот за закуп до органот на управата надлежен за работите на јавните приходи во местото каде што се наоѓа станот и до надлежната **служба на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје** која води регистар на договори за станови дадени под закуп, во рок од 30 дена од склучувањето на договорот за закуп, односно подзакуп или анексот кон договорот за закуп, односно подзакуп.

**Ова барање го поднесуваме согласно членовите 20 и 21 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.**

Ви благодариме на соработката и сигурни сме дека со вашата инклузивност во овој процес заедно ќе помогнеме да се подобрат и унапредат условите за домување и подстанарските права на граѓаните во Република Северна Македонија.

Со почит,
Претседателка на ОДС

Маја Сталеска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-1211/2
18.12 2023 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
Ул.„Јаким Стојковски" бр.1
Тел:032 483 131; факс: 032 483 047
***www.probistip.gov.mk***

---

**ДО**
**Управа за јавни приходи на РСМ**
**ПЕ Пробиштип**

**ПРЕДМЕТ:** Препраќање барање;

Почитувани,

До Општина Пробиштип пристигнато е барање за пристап до информации од јавен карактер бр.24-1211/1 од 15.12.2023 година поднесено од страна на Организацијата за домување и станари (ОДС). Бидејќи општина Пробиштип не располага со бараната информација согласно член 18 од законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на РСМ бр.101 од 22.05.2019 година) го препраќаме барањето до Управа за јавни приходи на РСМ, ПЕ Пробиштип како имател на информациите за понатамошно постапување.

Во прилог: Барање за пристап до информација од јавен карактер бр. 24-1211/1 од 15.12.2023 година.

Со почит!

18.12.2023 година
Пробиштип

Службено лице за информации од јавен кактер
Анкица Ѓеновска

Република Северна Македонија ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2 ПРОБИШТИП